Арх.број 2020/0202-209 од 30.12.2020 г

Управниот одбор на Друштвото за осигурување УНИКА АД Скопје, на седница одржана на 30.12.2020 г донесе следната

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОПАСНОСТ ОД ПРЕКИН НА РАБОТА ПОРАДИ ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ**

**Член 1**

**Се менува насловот на Условите и истите гласат:**

Услови за осигурување од опасноста од прекин на работа поради пожарни ризици , кршење на машини и некои други опасности.

**Член 2**

Во членот 2 се додава нов став 4 ( четири) и истиот гласи:

(4) Согласно овие Услови, осигурителна заштита поради прекин на работа може да се обезбеди и поради уништување или оштетување на имот како последица на кршење машини и други опасности согласно одредбите од Член 1, Член 2 и Член 3 од Условите за осигурување на машини од кршење и некои други опасности со последните измени и дополнувања.

**Член 3**

Во членот 3 по насловот Обем на осигурителни опасности се додава подглава I. и истата гласи

**I.Обем на осигурени опасности од пожар и некои други опасности**

**По став 16 на член 3 се додава нова подглава I I. и истата гласи**

**II. Обем на осигурани опасности поради крш машини и некои други опасности**

(1) Со осигурувањето се дава осигурителна заштита од оштетување или уништување на осигурените ствари од незгода во погонот, под која се подразбираат настаните што се случуваат непредвидено и одненадеж во врска со користење на осигурената ствар, и тоа:

1. Грешка во материјалот, изработката и конструкцијата;
2. Непосредно дејство на електрична енергија при појава на куса врска, пренапон и електричен лак;
3. Распаѓање поради дејство на центрифугална сила;
4. Недостаток на вода во парни котли и апарати со пареа, освен во случаите во кои следи експлозија;
5. Мраз, притисок на мраз или снег или непосредно движење на мразот;
6. Надпритисок или подпритисок (имплозија);
7. Откажување (затајување) на уредите за заштита и регулирање, како и на елементите за автоматско управување со кои машината е опремена;
8. Неспретност, невнимание или лоша намера на работниците или некое друго лице;
9. Поради паѓање на осигурени ствари, удар или навлегување на страно тело (предмет) во осигурениот предмет;
10. Заглавување во текот на дупчење во дупки.

(2) Со осигурувањето по овие услови не се дава осигурителна заштита од ризиците што не се наведени во став (1) од овој член, како и:

1. Од основни и дополнителни ризици кои се опфатени со условите за осигурување од опасност од пожар и од некои други

опасности;

2. Провална кражба и разбојништво, штетно дејство на нуклеарна енергија, ерупции, освен истражни ерупции, доколку тоа посебно се договори;

3. Поради недостатоци или грешки кои постоеле во моментот на склучувањето на осигурувањето, а овие недостатоци или грешки биле или морале да му бидат познати на осигуреникот;

4. Непосредни последици на трајни хемиски термички, механички, атмосферски и други влијанија и услови за сместување и работа оксидации, стареење, корозија, зрачење, прекумерни вибрации и сл;

5. Последици од сите видови на трошење, абење, ерозија, кавитација и сл;

6. Прекумерни наслаги на рѓа, каменец на котловите, талог, тиња и сл., Па и кога поради тоа настанало уништување или оштетување на осигурените ствари.

7. Преоптовареност на машините, машинските и електрични уреди, апарати и инсталции преку границите на нивните проектни параметри,

8. Ставање во погон пред конечната поправка;

9. Монтирање и пробно испитување на новите ствари,

10. Динамично вртење на ротациони делови на машините, ротори, турбини, генератори и сл., Доколку посебно не се договори;

11. Повреда на техничките и други прописи и упатства за техничка експлоатација на осигурените ствари, како и заштитни мерки.

(3) Осигурувачот исто така не е во обврска:

1. За посредни штети настанати во врска со осигурениот случај: загуба на заработувачка, денгуби, казни и сл.;

2. За штети за кои по законските прописи или по договорот одговара производителот, односно испорачателот на стварите.

3. Ако производителот односно испорачателот ја оспорува одговорноста, а штетата е предизвикана со незгода во погонот, одредена во член 3 од овие услови, осигурувачот ќе му исплати надомест на договорувачот на осигурувањето, а потоа до износот на исплатениот надомест ќе стапи во сите права на осигуреникот спрема производителот, односно испорачателот.

4. За трошоците за демонтирање и ремонтирање, кои се направени со цел за редовен преглед или одржување за осигурените ствари (периодични поправки замени на истрошените делови), па и кога во тој случај ќе се утврди оштетување на осигурената ствар од осигурениот ризик на осигурената опасност. Надоместот во овој случај ќе ги опфати само трошоците за поправка или замена на оштетените делови кои не биле предвидени за периодична поправка односно замена.Осигурувачот е во обврска да дава осигурителна заштита од опасностите од став (1) од овој член и на осигуреното постоље, лежиштето или на осигурените машини само ако оштетувањето на истите е последица од оштетување или уништување на машината од опасностите покриени со овие услови.

5. Ако посебно се договори осигурувачот е во обврска да даде осигурителна заштита од оштетување или уништување на стварите осигурени по овие услови од опасноста ерупција која би настанала при опитно дупчење.

**Член 4**

Во член 5 Насловот Поврзување на осигурувањето од прекин на работа со осигурувањето од опасноста од пожар и некои други опасности, се именува во подглава I.

Се делат одредбите во ставови и тоа (1),(2)и (3)

По точка (3) се додава нова подглава I I и истата гласи:

II. Поврзување на осигурувањето од прекин на работа со осигурување на машини од кршење и некои други опасности

(1) Осигурување во смисла на овие услови може да се склучи со услов претходно или истовремено да е склучено кај истиот осигурувач и осигурување на основни средства на машини од кршење и некои други опасности.

(2) Обврска за надомест на штети по овие услови постои само тогаш ако постои обврска да се надомести материјалната штета по основот на осигурување на машини од кршење и некои други опасности.

(3) Ако престане да важи договорот за осигурување на машини од кршење и некои други опасности престанува да важи и договорот за осигурувањето склучено по овие услови.

Член 5

Се менува член 13 и истиот гласи:

Доколку не се во спротивност со овие услови за осигурување од опасноста од прекин на работа поради пожарни ризици,кршење на машини и некои други опасности, ќе се применуваат и Општите услови за осигурување на имоти. За се што не е предвидено со овие Услови, важат и ке се применат одредбите на Општите услови за осигурување на имоти.

**Член 6**

Се корегира член 14 со додавање на зборот,, месна,, а се брише зборот ,,стварна,,

**Член 7**

**Се менува член 15 и истиот гласи**

(1) Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до:

1. Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување (комисија за постапување по претставки);
2. Службата за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
3. Организацијата за заштита на потрошувачи и
4. Агенцијата за супервизија на осигурување.

Преставката може да се поднесе во писмена форма лично или преку полномошник, дирекно во архивата на Друштвото на адреса на седиштето ,по пошта или електронски пат на маил адресата info@uniqa.mk , или во било која подружница на Друштвото .Друштвото за осигурување преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на преставката. Друштвото води регистар на доставени и решени преставки и за истите во законските рокови е должно да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурувањето. За сето она што не е регулирано со овие Општи услови, Законот за супервизија на осигурување и Законот за заштите на потрошувачите важат одредбите на Законот за облигациони односи.Доколку спорот не решен во постапка по приговор ,секоја од страните во спорот може да и предложи на другата страна поведување на постапка за посредување согласно прописите кои ја уредуваат оваа постапка

(2)Согласно со Законот за супервизија на осигурувањето, член 107 и член 108, податоците за осигуреникот и полисата се доверливи.

**Член 8**

Се додава нов член 16 и истиот гласи:

Член 16

Во случај на спор во врска со примената на овие Општи услови во поглед на односите помегу осигурувачот и осигуреникот/корисникот на осигурување за извршувањето, обемот и пристигнувањето на обврските ке се применат Општите услови за осигурување на имот, Законот за облигациони односи ,Законот за супервизија на осигурувањето и другите важечки законски и подзаконски акти.

**Член 9**

Се додава нов член 17 и истиот гласи:

Член 17

Орган надлежен за супервизија на друштвото за осигурување е Агенцијата за супервизија на осигурување до која осигуреникот ,корисникот или трето лице може да се обрати до допис или барање за заштита на своите права, поднесување на жалби или преставки.

Член 10

Услови за осигурување од опасноста од прекин на работа поради пожарни ризици , кршење на машини и некои други опасности да се објават на веб страната на УНИКА АД Скопје.

Член 11

Условите за осигурување од опасноста од прекин на работа поради пожар и некои други опасности број 007/12 од 25.04.2012 год денот на стапување во сила на оваа одлука престануваат да важат.

Член 12

Се задолжува правна служба условите да ги изготви во соодветна форма согласно законските прописи и во рок од 5 работни дена од донесување на оваа одлука да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

Образложение:

Управниот одбор следејќи ги побарувањата на осигурениците простапи кон дополнување на Услови за осигурување од опасноста од прекин на работа поради пожар и некои други опасности, со соодветна дополна со ризик машини од кршење и некои други опасности,

Се дефинира и Обем на осигурани опасности поради крш машини и некои други опасности.Се направија прецизирања за примената на истите и законските обврски.Новите услови ќе се применуваат за договори склучени од 01.01.2021 година.

Претседател на Управен одбор

на УНИКА АД Скопје

Дритон Азизи

UNIQA
Друштво ...
УНИКА А.Д. Скопје
Генерална Дирекција
Правна служба